1

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 09-02-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог | Вредност |
| 19 | 30/1 | / | / |

Врска: 19-2237/1,2,3-21

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**Центар за едукација и развој-ЦЕД**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Еко бизнис инкубатор**

(Име на проектот)

**Теарце,** **31.01. 2022** година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-223/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Центар за едукација и развој-ЦЕД |
| Наслов на проектот | **Еко бизнис инкубатор** |
| Период на спроведување на проектот | од 01.07 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Метин Муареми |
| Проектен менаџер | Метин Муареми |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070838148 |
| Цел на проектот | Креирање на самостојни, едуцирани, (само) вработени и мотивирани млади кои ја гледаат својата иднина во своето родно место и својата држава и се активен чинител во подобрување на економскиот и еколошкиот стандард. |
| Целна група | Млади од 15 до 35 години од селата во Полошкиот регион кои припаѓаат на идниот национален парк "Шар Планина" |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Полошки регион |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 601.405 ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Проектот започна со презентација на истото преку веб страната на организација и социлните медиуми кои организацијата ги употребува за промоција на активностите. По презентациите од страна на координаторот на проектот беше изготвен краток концепт од проектот и истата беше презентирана пред претставници од други организации кои соработуваат со организацијата ЦЕД.

Истиот проект беше презентираан пред претставници на платформата Пријатели на Шара, со кои ЦЕД соработува и минатата година реализираа проект која има за цел прогласување на Шара како национален Парк.

Со цел креирање на инспиративен филм за будење на лидерскиот потенцијал и правилно користење на природните ресурси се ангажираше Лиридон Асани, член во организацијата кој има искуство во работа со камери и монтажа на видео материали. Се креираше кратко видео со 5 најдобри совети кои еден млад би требало да ги употреби за да стане успешен претпреимач.

Видеото освен што се постираше во социалните мрежи во кои организацијата ЦЕД има над 9000 следбеници, истата се промовираше во обуките кои беа реализирани во рамките на проектот. Исто така по прикажување на филмот за истото се дебатирање и се мотивираа младите да станат успешни претприемачи. Видеото беше спонзорирано од страна на ЦЕД и промовирано максимално во полошкиот регион и пошироко.
По креираното видео се организираа дискусии со успешни претприемачи, во кои тие говореа за нивните почетоци, позитивни и негативни страни. Од страна на ЦЕД се поканија Гзим Ќаили и Локман Муслиу, кои водат успешни фирми во полошкиот регион, односно Тетово и Гостивар.

Во понатамошниот период се креираа постер и повик за имплементација на обуките, кои беа планирани како многу важен дел од проектот. Во онлајн повиците имаше над 60 апликации, односно млади од Полошкиот регион. Обуката беше посветена на младите луѓе и се базира на претходната обука спроведена од ЦЕД и сертифицирана и се состоеше од четири модули, вклучувајќи го воведниот модул (Вредности и вештини на претприемачите), вештини за барање работа и комуникациски вештини во претприемништвото и тимска работа и лидерство. На првиот ден учесниците се запознаваа, тие го искажаа она што го очекуваат од целата програма на агендата. Исто така првиот ден беа поставени правилата на групата. Учесниците беа обучени како да пристапат до информации за вработување, како да напишат CV и мотивационо писмо.
Исто така првиот ден учесниците имаа можност да се запознаат со техниките на интервјуирање преку глума. Во следните денови, учесниците дефинираа комуникација и играа игри со цел активно слушање, со цел да ги зголемат своите комуникациски вештини со претприемачите. Исто така, точка на дискусија на вториот ден беше вербална и невербална комуникација. За време на овие вежби, учесниците ги дефинираа и поимите лидер и менаџер и преку разни игри во себе открија дали имаат лидерски или последователни вештини.
Во рамките на обуките беше организирана и презентација од г-дин Јован Божиновски, претседател на Планинарскиот клуб „Луботен“ - Тетово кој зборуваше на тема „Искористување на потенцијалот на еко-туризмот на Шар Планина“, како успешни приказни и можности за идните претприемачи.

На крајот од обуката рекоа дека обуката многу им помогнала да ги зајакнат информациите што веќе ги знаеле, но и научиле многу нови работи.
Во исто време на обуката присуствуваа над 60 учесници и воедно имаа можност да учествуваат и средношколци, меѓу кои и средношколци, студенти и невработени млади. Во текот на целата обука траеше позитивна и мотивирачка атмосфера и сите учесници покажаа интерес за се што е вклучено во обуката.

По завршување со обуките, младите имаа можност да учествуваат во финални сесии за менторство кои беа фокусирани за подобрување на моменталните резултати, насочување и мотивирање на секој учесник, како и пронаоѓање на компании за практиканство или помош при финализирање на нивните бизнис планови и помош при започнување.

Од страна на ангажиран од ЦЕД, г-дин Владимир Ѓорѓевески се креирање прирачник за (само) вработување и претприемништво ќе биде во еко контекст и ќе ги опфаќаше сите теми кои ги опфаќа проектот и активностите. Исто времено се направи со користење на јасни и прецизни зборови, илустрирано со повеќе модели и јасни графикони и слики. Ќе биде од 20 до 30 страни и ќе биде на англиски, македонски и албански јазик. Прирачникот ќе биде прикачено во веб страната на организацијата.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Креирање на инспиративен филм за будење на лидерскиот потенцијал и правилно користење на природните ресурси | Од страна на раководниот тим е креиран, односно превземен краток инспиративен филм, која цели кон мотивирање на младите како да го подигнат нивниот претприемачки дух и да станат лидери во нивните заедници. | Септеври-Декември | Презентирање на истата пред поголеми групи на млади, презентација на истата во саем на фирми организиран од ЦЕД во Штуловиот универзитет |
| Инспиративни претприемачки сесии преку презентација на креираниот филм на темата, претходно креирано видео за потенцијалот на Шар Планина, говори и дискусии на успешни (млади и еко) претприемачи | Се организираше настан во кој успешен претприемач, директорот на книжарата Нобел зборуваше пред околу 60 млади студенти и претприемачи. Настанот се оддржи во амфитеатрот на универзитетот на југо источна европа во која беа поканети млади, студенти и други заинтересирани лица. | Септември | Учество на над 50 млади, ангажирани 5 волунтери во ЦЕД како резултат на оваа презентација |
| Отворен повик за учесници на обуки | Се направи повик кој беше промовиран во веб страната на организацијата и социалните мрежи на ЦЕД | Ноември-декември | Моментално е во тек |
| Три 2 дневни обуки кои ќе вклучат по 30 млади (15 до 35 години), предност ќе имаат младите во НЕЕТ категорија и помали можности од населените места во Полошкиот регион | Обуката беше посветена на младите луѓе и се базира на претходната обука спроведена од ЦЕД и сертифицирана и се состоеше од четири модули, вклучувајќи го воведниот модул (Вредности и вештини на претприемачите), вештини за барање работа и комуникациски вештини во претприемништвото и тимска работа и лидерство. На првиот ден учесниците се запознаваа, тие го искажаа она што го очекуваат од целата програма на агендата. Исто така првиот ден беа поставени правилата на групата. Учесниците беа обучени како да пристапат до информации за вработување, како да напишат CV и мотивационо писмо. | Ноември-декември | Учествуваа околу 60 учесника да учествуваат во дво дневни обуки на теми:Вештини и пристапи за самовработување, Трендови во еко-бизнис секторот идруги. |
| Сесии за менторство | Во период август –октовмри се реализираа 10 менторски сесии со млади и студенти во канцелариите на ЦЕД. Во овие сесии младите беа менторирани за кариерно советување, за лидерство, како да се пишува ЦВ, Мотивационо писмо и други теми околу младинскиот развој. | Септември – октомври 2021 | Како резултат на овие сесии 10 млади успееја да учествуваат во еразмус проекти, 2 од нив се ангажираа како проектни координатори во регионот. |
| Вебинари за вработување и | Се оддржија 2 вебинари за млади на | | -Искуство во |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| претприемништво | Тема Кариерно советување со студени и млади од полошкиот регион. | | пишување на проекти<br>-Знаења за пишивање на ЦВ и мотивационо писмо<br>-Знаења за циклус на проект |
| Финална сесија | Мерење на постигнатите резултати како и да увиди што се е дополнително потребно за оспособување на учесниците. | Декември 2021 | Менторирање на 20 млади во пишување на ЦВ, барање работа, вработување |
| Креирањето на прирачникот за (само) вработување и претприемништво ќе биде во еко контекст и ќе ги опфати сите теми кои ги опфаќа проектот и активностите. | Прирачникотги содржи сите битни чекори и совети за вработување, само вработување, започнување на сопствен бизнис, трендови и барања за идни компетенции и работни позиции, листа на контакти од институции и организации кои нудат програми и услуги во оваа област | Декември 2021 | Креиран прирачник распределен на 60 учесника |
| Медиумска кампања за промоција на постигнатите резултати од проектот | Промоција на проектот во локлани медиуми | Ноември 2021 | Учество во емисии |
| Евалуација на проектот | Сумирање на целокупните резултати од проектот. Финална анализа и споредба на поставените и имплементираните цели. Креирање на финални заклучоци и идни препораки за работа. | Декември 2021 | Завршен извештај. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Имплементација на проектот започна на време, но како резултат на неколкуте бранови на пандемијата од КОВИД 19, многу активности временски беа изместени.
Бидејќи идејата е обуките, менторските средби да се реализираат со физичко присуство, моравме да чекаме еден период да се смирува ситуацијата за да се реализираат активностите.
Исто така и изборската кампања влијаеше да дел од активностите да се преместат по нивно завршување.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Одржана конференција со млади и успешен претприемач | 60 | / | 1 |
| Одржани менторски средби со млади и студенти | 10 | | / |
| Креирање на прирачник за (само) вработување | | 90 | Веб на ЦЕД |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и претприемништво во еко контекст | | | |
| Објавено видео за поттикнување на претприамачки дух | | | *reach:553 |
| Постирање во фејсбук на постер за промоција на обуки и проектот | | | *reach:1560 прегледи |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Организацијата ЦЕД е етаблирана и препознаена во имплементација на разни обуки за претприемаштво и промоција на разни можности долж регионот на Шар Планина. Младите кои беа вклучени во разните обуки се главни носители во идните активности не само на организацијата туку и ке бидат активисти во иднина, која ке работат или отварат нивни бизниси како резултат на нивните добиени вештини од проектот. Оддржливоста на проектот го гледаме токму во планирање на следните активности на проектот, и тоа преку Инфо Клубот за млади кој е проект што се поддржува од страна на УНДП, додека делот со планински туризам, организацијата ќе работи преку платформата Пријатели На Шара. Преку овие две оддржливи проекти, ЦЕД ќе ги имплементира своите активности не само во полошките регион, туку и пошироко.

Исто така, изготвените видеја и прирачник ќе бидат закачени во веб страната на организација, и истите ке бидат достапни цело време за секој млад кој во иднина би сакал да научи нешто околу младинското вработување.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **I. Вработени (вкупно)** | | ~~195740~~ 380.208 | |
| Плати | 119640 | 119640 | |
| Придонеси и даноци од плати | 54568 | 54568 | |
| Надоместоци и хонорари | 183000 | 185400 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 21300 | 20600 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | 34200 | 33700 | Во ова ставка е потрошено 500 ден повеќе од планираното |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | 0 | |
| ИТ – опрема | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | 0 | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | 25.205 | |
| Креирање на инспиративно видео | 10000 | 9000 | За креирање на инспиративно видео се потрошени 1000ден помалку од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Сметководствени услуги | 12000 | 12000 | планираното |
| Банкарски провизии | 4000 | 4205 | Во ова ставка се потрошени 205 ден повеќе |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | 0 | |
| Користење канцеларија | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | 162.292 | |
| Печатење на публикација (прирачник) | 9000 | 10000 | На ова ставка се потрошени 1000 ден повеќе |
| Изнајмување на комби кое е адаптирано во патувачко кино | 26400 | 26400 | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници (трошоци за храна и кафе паузи за време на обуките) | 77892 | 77892 | |
| Материјали за обуки | 4000 | 4000 | |
| Заштитни маски | 10000 | 10000 | |
| Еко торби | 30000 | 30000 | |
| Постери во боја | 4000 | 4000 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600.000** | **601405** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Теарце, 30.02. 2022 год.

(Место) (датум)

**Метин Муареми**, *Центар за едукација и развој-ЦЕД, Претседател*

М.П. (Потпис)